Врз основа на членовите 10 и 12 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), Деканатската управа на својата седница, одржана на 18.03.2014 година, донесе

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2911/3
24.12.2012 год.
С

## Процедура за правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци

**Член 1**

Со оваа Процедура се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци.

**Член 2**

Субјектот на личните податоци во барањето за пристап и исправка до личните податоци има право да бара одговор на следното и тоа: дали се врши обработка на личните податоци на субејктот на личните податоци ; за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци; за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци, за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци, задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата; можните последици ако не се даде одговор и постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Филозфскиот факултет е должен да одговори на субјектот на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на Барањето за правото на пристап и исправка до личните податоци е составен дел на оваа процедура.

**Член 3**

Приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци се врши во писарницата на Филозфскиот факултет кај лицето кое ги врши работите за канцелариско и архивско работење (во натамошниот текст: архивар).

**Член 4**

По заведувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, сите предмети од организационата единица 07 истиот ден по приемот се доставуваат за работа до државниот службеник кој работи на одговор на овие барања на субјектите на лични податоци.

Доставувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку интерната доставна книга на Филозфскиот факултет.

**Член 6**

Примањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци за работа државниот службеник кој го работи предметот го потврдува со ставање на дата и потпис во рубриките 5 и 6 од интерната доставна книга.

**Член 7**

Испраќањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку писарницата на факултетот, преку пошта.

**Член 8**

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се чуваат во метални ормани заклучени, до кои пристап и дозвола да се користат има само архиварот. Просторијата во која се сместени металните ормани е опремена со клима уред и ПП апарати и истата овозможува заштита од влага, температура, непосредна сончева светлина и од други видови оштетување.

**Член 9**

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се применуваат прописите за архивска граѓа.

**Член 10**

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Македонија
Филозофски факултет Скопје

изработил: м-р Весна Карапеева
одобрил: м-р Катерина Пејкова